РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЧО РАЦИН
Бр.
20 год.
СКОПЈЕ-ЦЕНТАР

Врз основа на член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.весник на РСМ" бр.101/2019) , постапувајќи по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации ООУ Кочо Рацин Скопје донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето на барателот за пристап до информација од јавен карактер – начин и услови под кои е спроведена постапката за снабдување со топол оброк , како и начинот и условите под кои е склучен договорот за јавна набавка со економскиот оператор за учебната 2021/2022 година , СЕ ПРИФАЌА.

## Образложение

Од барателот е примено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно побарано е известување за начинот и условите под кои е спроведена постапката за снабдување со топол оброк , како и начинот и условите под кои е склучен договорот за јавна набавка со економскиот оператор за учебната 2021/2022 година.Барањето е добиено по пошта и заведено под број од

На барањето за известување се дава следниот одговор: Начинот и условите под кои е спроведена постапката за снабдување со топол оброк , како и начинот и условите под кои е склучен договорот за јавна набавка со економскиот оператор за учебната 2021/2022 година се во согласност со Одлуката за давање на користење на училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар бр. од од Советот на Општина Центар и Одлуката за дополнување на Одлуката давање на користење на училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар бр. од од Советот на Општина Центар.Постапката е спроведена врз основа на наведените одлуки , јавно објавен оглас во дневен весник и Покана за поднесување понуда изготвена од училиштето бр. од Договор е склучен со операторот за три наставни години со обврска за вложување до 5000 евра.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имател на информации од јавен карактер

ООУ"Кочо Рацин"-Скопје

Директор

Јовица Остојиќ